Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr 09-6101/1
27-02-2025 20
Скопје/Shkup

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за правда | |
| Назив на предлог законот | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување | |
| Краток опис на проблемот | Примената на одредбите од член 205-а и член 239-а од законот создаде проблеми во праксата на извршителите при спроведување на извршувањата врз недвижен имот, со Законот за платежни услуги и платни системи се воведе нов начин на извршување од сметките на должниците кај носителите на платежни услуги, примената на дигиталната технологија во сите сфери на општественото живеење ја наметна потребата од воведување и на електронско јавно наддавање, проблеми при примената на одредбите за достава и поедноставување на постапките во интерес на доверителите и должниците, непостоење на одредби за професионалните стандарди на извршителите, ја наметна потребата за измена на законот и доуредување на одредби од законот со цел доследна примена на законот од извршителите при спроведувањето на извршувањата. | |
| Цел на предлог законот | Усогласување со Законот за платежни услуги и платни системи, прецизирање на одредбите за продажба на идна ствар и недвижност со незапишани права, воведување на електронско јавно наддавање, воведување на професионалните стандарди за извршителите, регулирање на статусот на замениците на извршителите и измена или дополнување на неприменливи одредби од законот. | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Периодот на започнување со работа на работна група е 27.02.2025 година, а завршувањето на процесот на предлог законот е 01.09.2025 година | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Формирана е работна група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување во состав од членови од Судовите, Централен регистар, граѓански организации, Македонска банкарска организација, Стопански комори, Комори на извршители, нотари и адвокати, Министерство за финансии, социјална политика, демографија и млади, Народна банка, Агенција за катастар на недвижностите | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | Да | Не |

| | |
|---|---|
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.pravda.gov.mk |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставaт мислењата, забелешките и сугестиите | ул„.Димитрие Чуповски„ бр. 9 Скопје<br>SVelkoska@justice.gov.mk |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Славица Велкоска 075 388-706 |
| Други информации | |

| НАЛОГ |
|---|
| Известувањето за почеток на процесот за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување да се објави на ЕНЕР и на веб-страницата на Министерството за правда.<br>Датум 27-02-2025 Министер за правда<br>Игор Филков |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
*Скопје-Shkup*